# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН


Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба

Службен гласник бр.5
30.05.2024 година
Општина Росоман

Изготвува општинската администрација на Општина Росоман



Тел.(043)441-331   факс.(043)441-443


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман” бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за неусвојување на Кварталниот извештај 1 за извршување на Буџетот на општина Росоман, донесено на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.1**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став 1 точка 33 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 39-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
**за неусвојување на Кварталниот извештај 1 за извршување на Буџетот на општина Росоман за 2024 година**

**Член 1**

Со ова Решение не се усвојува Кварталниот извештај 1 за периодот од 01.01.2024 година до 31.03.2024 година за извршување на Буџетот на општина Росоман за 2024 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08 - 318/1.1**
**30.05.2024 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман” бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за одбележување на фестивалот “ДУХОВДЕН ФЕСТ - ПРАСКОБЕР 2024 година“, донесена на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.2**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 39-тата седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување на фестивалот “ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2024“**

1. Комисијата за образование, култура, спорт и одбележување на празници и манифестации до Советот на општина Росоман достави извештај со Предлог – Програма за одбележување на традиционалната манифестација “Духовден фест-Праскобер 2024“, што ќе се одржи во Росоман.
2. Советот на Општина Росоман во целост ја прифаќа доставената Предлог-Програма, а манифестацијата “Духовден фест-Праскобер 2024“ ќе се одржи во деновите:
   21.06.2024 година – Прв ден (петок)
   22.06.2024 година - Втор ден (сабота)
   23.06.2024 година – Трет ден – одржување на панаѓур (недела)

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

- Традиционална манифестација ќе се одржи на локацијата Централно подрачје во Росоман – “Плочата“

<u>I На ден 21.06.2024 година – Прв ден (петок)</u>

- Меморијален турнир Сашко Гелов-Шулц (финале)

<u>II На ден 22.06.2024 година (сабота)</u>

- 09:00 - ревијален турнир во мал фудбал со учество на екипи од МЗ Сирково, МЗ Манастирец, МЗ Трстеник, МЗ Паликура, Росоман и збратимена општина Пландиште и гости од збратимени општини

- 18:00 - свечено отворање на манифестацијата со откинување на првата праска и говор од страна на Градоначалникот и Претседател на Совет
- 19:00 – Културно уметничка програма со настап на Културно уметнички друштва од тиквешки регион
- 22:00 – забавна програма со настап на национална ѕвезда

<u>III На ден 23.06.2024 година (недела)</u>

- Панаѓур (во организација на ЈПКД Росоман од Росоман)

- За поуспешна реализација на Програмата, планирано е изготвување на посебни покани и рекламен материјал, а сето тоа ќе биде објавено на локалните медиуми.

- Со цел за што поквалитетно обезбедување на манифестацијата и нејзиното рекламирање да се обезбеди и квалитетно озвучување, да се поставаат паноа и да бидат поканети претставници од медиумите на РСМ.

- Средствата за покривање на трошоците за манифестацијата делумно ќе бидат обезбедени од спонзорства, а останатиот дел ќе падне на товар на Буџетот на Општина Росоман за 2024 година, согласно донесената Програма за таа намена од страна на Советот на Општина Росоман во висина од 400.000 денари.

- По одбележување на фестивалот и реализација на Програмата до Советот на Општина Росоман да се достави и Извештај за потрошените финансиски средства.

- Оваа Програма влегува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08 - 318/1.2**
**30.05.2024 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за неусвојување на Предлогот на Комисијата за именување на член на УО на Регионален центар за згрижување на бездомни миленици "СТАЦИОНАР ШЕПА" - Кавадарци, донесено на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.3**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 17г од Законот за јавните претптијатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), а согласно член 9 од Статутот на општина Росоман, Советот на 39-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за неусвојување на Предлогот на Комисијата за именување на член на УО на Регионален центар за згрижување на бездомни миленици “СТАЦИОНАР ШЕПА“ – Кавадарци**

1. Со ова Решение не се усвојува Предлогот на Комисијата за именување на член на УО на Регионален центар за згрижување на бездомни миленици “СТАЦИОНАР ШЕПА“ – Кавадарци, поради немање на потребното мнозинство.

2. Со ова Решение се создава потреба од распишување на нов Јавен повик и повторување на целата постапка со тоа што Советот на наредната седница ќе донесе Одлука за распишување на Јавен повик за избор на член на УО на Регионален центар за згрижување на бездомни миленици “СТАЦИОНАР ШЕПА“ – Кавадарци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-318/1.3**
**30.05.2024 година**
**РОСОМАН**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 4.1 од утврдениот дневен ред на седницата, донесен на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.4,1**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 39-тата седница одржана на 30.05.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 4.1 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиска поддршка на социјални сервисни услуги со бр.08-248/1 од ден 04.04.2024 година поднесено од Здружение на лица со целебрална парализа и други попречености – Велес, по одржана седница, Советот одлучи:
   - Советот на општина Росоман не го усвои Барањето односно не донесе Одлука за одобрување на парични средства, поради немање на потребно мнозинство.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-318/1.4,1**
**30.05.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на донација на ЏУДО КЛУБ – секција Росоман, донесена на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.4,2**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата на Општина Росоман за 2024та година од областа на спорт и рекреација, Советот на општина Росоман на 39-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за одобрување на донација на ЏУДО КЛУБ – секција Росоман**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 60.000,оо денари како донација, а по однос на поднесеното Барање бр.08-308/1 од ден 20.05.2024 година, од страна на ЏУДО КЛУБ – секција Росоман.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-308/1.4,2**
**30.05.2024 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за прифаќање на спонзорство за одржување на меморијален турнир САШКО ГЕЛОВ - ШУЛЦ, донесена на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.4,3**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), а согласно Програмата на општина Росоман за 2024та година од областа на културата и културните манифестации, Советот на општина Росоман на 39-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за прифаќање на спонзорство за одржување на меморијален турнир САШКО ГЕЛОВ - ШУЛЦ

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 60.000,оо денари како спонзорство заради одржувањето на IV Меморијален турнир на "Сашко Гелов - Шулц", а по однос на поднесеното Барање бр.08-313/1 од ден 21.05.2024 година, од страна на Организационен одбор "Сашко Гелов - ШУЛЦ".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-318/1.4,3**
**30.05.2024 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на донација, донесена на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.4,4**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 39-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за одобрување на донација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 31.000,оо денари како донација, а по однос на поднесеното Барање бр.08-314/1 од ден 21.05.2024 година, од страна на Светомир Арсов.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-318/1.4,4**
**30.05.2024 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман” бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на физичко лице, донесена на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.4,5**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2024та година, Советот на општина Росоман на 39-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиска помош на физичко лице

### Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиска помош за лечење во висина од 30.000,оо денари, а по однос на поднесеното Барање со бр.08-316/1 од ден 23.05.2024 година, од страна на Мара Мишова.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-318/1.4,5**
**30.05.2024 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Росоман, донесена на 39-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 30.05.2024 година.

Изработила З/К

**Бр. 09 – 318/1.5**
**04.06.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман, Советот на одржаната 39-та седница на ден 30.05.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Росоман**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на општина Росоман за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа важи од 21.06.2024 година до 23.06.2024 година, по повод одржувањето на манифестацијата “ДУХОВДЕН ФЕСТ 2024ТА“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08 - 318/1.5**
**30.05.2024 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**